**ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник на Општина Центар**
**Саша Богдановиќ**

**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за јавни дејности**
**Одделение за образование,**
**млади и спорт**

**Претставник: Весна Михајлова Куковска**

**Помошник раководител на Сектор**

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Скопје, 2018 година

**Содржина**


1. ВОВЕД....................................................................................................3
2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА....................3
3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ..........................................................3

3.1 Општо – целни групи.......................................................................................3

3.2 Крајни корисници.............................................................................................4

4. ЦЕЛ (или ПРИОРОТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА......................................................4

4.1 Основни цели/приоритети...............................................................................4

4.2 Специфични цели/приоритети........................................................................4

4.3 Одговорни сектори и одделени......................................................................4

4.4 Поврзаност со други области и сектори.........................................................4

5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА.....................................................5

1. Проект за ангажирање дефектолози во основните училишта
2. Сообраќајно описменување – воннаставна активност (предавање, работилници и натпревар)
3. Обезбедување средства за воведување образовен асистент од областа на физичкото образование, спорт и здравје за учениците од одделенска настава
4. Вклучување на родителите и на учениците во креирањето на училишните планови (курикулуми на слободни активности, активности за подобрување на воспитно-образовниот процес)
5. Доделување стипендии на социјално загрозените ученици од општинските основни училишта
6. На одмор сум, во Скопје сум – Општина Центар мисли на мене
7. Формирање на ученички дебатен клуб
8. Доделување стипендии на талентираните ученици од општинските основни училишта
9. Првенци на генерација - Награди за полуматуранти
10. Обуки за наставниот и за стручниот кадар
11. Проект „Исправи се!“
12. 1-ви Септември – Добре дојдовте наши првачиња
13. Прослава на Денот на Општина Центар
14. Набавка на литература
15. Фонд за екскурзии за ученици од семејства во социјален ризик
16. Доделување награди на најдобрите наставници
17. Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни
18. Обезбедување на училишните објекти
19. Формирање на општински центар за обуки
20. Подароци за патроните празници на училиштата
21. Воведување униформа за учениците (маичка со кратки и маичка со долги ракави)

6. КОФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР..........19
7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА..........21
8. ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА..............................22
9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА..........................................................................................24

## 1. ВОВЕД

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 11 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 24/2013) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06 и 12/15), Советот на Општина Центар-Скопје на ___ седница, одржана на ______________ година, донесе

**ПРЕДЛОГ -ПРОГРАМА**
**за образование**
**на Општина Центар-Скопје**
**за 2019 година**

Процесот на едукација на човекот претставува стекнување на знаења, вештини и способности за совладување на потребите (образовна компонента) и стекнување на животни и на работни искуства, формирање ставови, развивање критички однос кон работата, доброто, вредностите на светот околу него (воспитна компонента).
Современиот пристап укажува дека на образованието треба да се гледа како на инвестирање и процес кој треба константно да се надградува. Поголемото инвестирање и подигнување на нивото на инвестирање е битен фактор во развојот на образованието.

Стратешки документи:
- Стратегија за Образование на Општина Центар 2015-2020
- Мониторинг на акциски план за образование 2015-2017

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Предлог-проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на основните училишта, со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје и со Одделението за образование. Исто така користени се и добрите/лошите искуства од реализација на минатогодишните искуства. Предлозите и препораките од сите фактори се имплементирани во оваа програма.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1 Општо – целни групи

Програмата за образование на Општина Центар за 2019 година ги таргетира учениците од општинските основни училишта. Исто така оваа програма ги опфаќа и учениците кои доаѓаат

од социјално загрозени семејства со цел нивното образование да се реализира непречено. Опфатени се и сите ученици во вонучилишните активности

### 3.2 Крајни корисници

*Ученици и наставници од општинските основни училишта*

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРОТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

### 4.1 Основни цели/приоритети

Еден од клучните предизвици на образовната политика и на образовниот систем во целина во основните училишта на територијата на Општина Центар-Скопје во наредниот период ќе биде подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес на младите во рамките на законските можности. Програмата ќе помогнеме во поттикнувањето и во негувањето на детската љубопитност, сознајните активности и креативноста, развивањето на мотивите и на условите за афирмирање на личноста на ученикот. Исто така целиме кон воспоставување на европски принципи за образовен процес кој треба дополнително да го стимулира развојот на децата.

### 4.2 Специфични цели/приоритети

4.2.1 Обезбедување на квалитетна настава за учениците во ООУ
4.2.2 Обезбедување на чиста и здрава средина за работа
4.2.3 Обезбедување на поквалитетни услови за инклузивно образование
4.2.4 Обезбедување здрав физички развој на учениците
4.2.5 Мотивација и наградување на најдобрите
4.2.6 Обезбедувањее на квалитетни воннаставни активности и неформално образование
4.2.7 Вклучување на родителите во процесот на образование
4.2.8 Развивање на демократски капацитети кај учениците
4.2.9 Поддршка на учениците од семејства во социјален ризик
4.2.10 Надминување на социјални разлики меѓу учениците
4.2.11 Квалитетно исполнување на времето на учениците и надвор од училишните часови
4.2.12 Зголемување на безбедноста на учениците за време на нивниот престој во ООУ
4.2.13 Збогатување на културно забавниот живот на учениците и наставниците

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

1. Одделение за образование
2. Сектор за Јавни Дејности

### 4.4 Поврзаност со други области и сектори

Одделение за спорт и млади

Одделение за детска и социјална заштита
Одделение за култура

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 5.1 Проекти

**1. Проект за ангажирање дефектолози во основните училишта**
Специфична цел 4.2.3

Бројот на децата на кои им е потребна помош од стручни лица - дефектолози сè повеќе се зголемува, иако поради суптилноста на проблемот, голем број родители не го аргументираат тоа со потврда од официјални институции. Но факт е дека наставниците секојдневно се соочуваат со проблемот како да им пристапат и како да работат со децата со пречки во развојот.
Во основните училишта веќе почнаа да се вработуваат дефектолози, како дел од стручната служба на училиштата. До крајот на 2018 година вработени се дефектолози во ООУ Гоце Делчев и ООУ Кочо Рацин и затоа се намалува износот на средствата предвидени за оваа активност.
Со цел да се излезе во пресрет на учениците и во останатите 5 општински основни училишта, општината ќе ангажира претставници на граѓанскиот сектор, граѓанска организација со искуство во работата со деца со развојни и образовни тешкотии, како и со деца со полесни пречки во развојот, која ќе реализира дефектолошка поддршка и помош во текот на образовниот процес за учениците што имаат вакви потреби. Истовремено, ќе му биде на располагање на наставниот кадар при идентификацијата на одредени состојби, како и при разрешувањето на дилемите во однос на овие прашања. Исто така, експертите од организацијата ќе им бидат на располагање на родителите за какви било информации за состојбата на ученикот и за потребните насоки.

Целни групи:

- Ученици од 5 основни училишта со полесни пречки во развојот и образовни потешкотии;

Време на реализација – континуирано во текот на учебната година

Одговорен за реализација: Одделение за образование - Општина Центар

Очекувани резултати:

- Подобрување на квалитетот на наставата за децата со пречки во развојот
- Зголемена инклузивност на децата со пречки во развојот
- Подобрени услови за обрзованиот процес

**Буџет: 350.000,00 денари - – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

2. **Сообраќајно описменување – вонnаставна активност (предавање, работилници и натпревар)**
   Специфична цел 4.2.11

Овој проект има основна цел да ги зголеми капацитетите на децата како активни учесници во сообраќајот. Од една страна, децата ќе се образуваат околу позитивните страни и предностите на користењето велосипед како превозно средство, а од друга страна добро ќе им се посочат правилата за безбедно учество во сообраќајот. Во исто време ќе се организира и натпревар во вештини за возење велосипед, со што ќе се стави акцент на фактот дека вештината е многу покорисна и побезбедна од брзината. Овој проект ќе биде во континуитет на проектот „Цел Центар на точак“. Победниците на натпреварот од секое училиште ќе добијат симболични награди. Одделението за образование ќе се обиде да обезбеди донации – велосипеди за основните училишта и ќе го реализира проектот Вело-училиште во соработка со Екологик, а ќе се однесува на ООУ Ј.Х. Песталоци.

Целни групи:

- Ученици од основните општински училишта во општина Центар (6-9 одделение)

Очекувани резултати:

- Поголема безбедност во сообраќајот
- Запознавање на учениците со сообраќајните правила
- Развој на натпреварувачкиот дух кај децата
- Зголемен интерес за користење на велосипед

Време на реализација – Мај 2019 година
Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 40.000 денари**
(30.000 денари фонд за награди за најдобрите, 10.000 денари – освежување за време на натпреварот и печатење на дипломи) **– проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

3. **Обезбедување средства за воведување на образовни асистенти од обласата на физичко образование, спорт и здравје за учениците од одделенска настава**
   Специфична цел 4.2.4

По повеќегодишното спроведување на проектот „Исправи се“, Општина Центар дојде до

алармантни податоци за здравствената состојба на учениците. Од контролите што се спроведуваа во рамките на овој проект произлезе дека околу 70% од учениците од одделенска настава (прво и второ одделение) имаат искривување на ’рбетниот столб. Затоа во 2018 година општината потпиша Меморандум за соработка со Факултетот за физичка култура, спорт и здравје со кој се 7 образовни асистенти од факултетот се вклучија во одделенската настава во нашите училишта и реализираа часови по физичко образование, спорт и здравје во текот на првото полугодие оваа учебна година. Часовите се реализираат еднаш до двапати неделно за секое одделение од одделенска настава во секое училиште.
Проектот е од ограмно значење за здравјето и физичката кондиција на учениците, а во исто време и поддршка за наставниот кадар од одделенска настава, кој не е соодветно стручен во оваа област.

Целни групи:

- Учениците од одделенска настава (од I до V одделение) во општинските основни училишта.

Очекувани резултати:

- Зголемена физичка активност на учениците во развој
- Намалување на болестите на ’рбетниот столб
- Подобрување на состојбата на учениците што имаат почетна фаза на ’рбетни заболувања
- Превенција на развивање на болести поврзани со `рбетниот столб
- Создавање на здрави животни навики кај учениците.

Време на реализација: Јануари-Мај и Септември-Декември 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 660.000 денари**
надомест за наставниците + ПДД

4. **Вклучување на родителите и на учениците во креирањето на училишните планови (курикулуми на слободни активности, активности за подобрување на воспитно-образовниот процес)**
   Специфична цел 4.2.7

Со овој проект ќе се зголеми партиципативното учество на граѓаните во донесувањето одлуки, ќе се зголеми чувството на припадност на учениците во своето училиште и ќе се демократизираат процесите. Исто така ќе се овозможи родителите и учениците да допринесат во развојот на образовниот процес преку свои идеи, критики и предлози. Предвидено е да се организираат неформални дебати, истражување/анкети и анализирање

на податоците.
Општина Центар веќе има спроведено ваква активност за своите потреби, при што резултатите се користат за подготовка на програмите за образование на општина Центар.

Целни групи:

- Ученици од основните општински училишта во општина Центар
- Родители на ученици од основните општински училишта во општина Центар

Време на реализација: Февруари – Јуни 2019 година

Реализатор: Одделение за образование – Општина Центар

Реализатор: Општина Центар во соработка со Центарот на заедницата на Општина Центар.

Буџет: /

5. **Доделување стипендии на социјално загрозените ученици од општинските основни училишта**
   Специфична цел 4.2.9

На подрачјето на Општина Центар има седум основни училишта со повеќе од 4.500 ученици. Меѓу нив има голем број ученици што се истакнуваат по одредени предмети или во одредени области, а кои се социјално загрозени. Општина Центар смета дека социјалниот статус на овие талентирани деца не треба да претставува пречка за нивниот понатамошен развој во областите во кои се талентирани.
Општина Центар предвидува финансиски средства за овие ученици и истите ќе се доделуваат во форма на стипендии, а нив ќе ги одредува претходно формираната комисија од Градоначалникот. Комисијата ќе ги утврдува критериумите за доделување стипендии, условите и начинот на пријавување на кандидатите. До сега се доделуваше по една стипендија за секое основно училиште, а од оваа година бројот ќе се зголеми на две стипендии, односно вкупно 14 за сите училишта распределени, согласно бројот на ученици што ги исполнуваат критериумите.

Очекувани резултати:

- Учество на разни натпревари
- Создавање вистински вредности и навики кај учениците
- Стимулирање на потенцијалот кај талентирани деца од социјално загрозени семејства

Време на реализација – континуирано во текот на учебната година (октомври-мај) 2019 година

Реализатор: Одделението за образование - Општина Центар

**Буџет: 305.000 денари**

6. **На одмор сум, во Скопје сум – Општина Центар мисли на мене**
   Специфична цел 4.2.11

Цел на овој проект е во периодот на летниот распуст, кога учениците не се на одмор, да им понудиме алтернативни начини за забава и за квалитетно исполнување на времето. Проектот цели и кон развивање на културните врдности кај децата, доближување на уметноста (музичка, ликовна, драмска) до нивното секојдневие, како и враќање на заборавениот маалски живот кај младите. Проектот се реализира веќе петта година, и секоја година се подобрува и развива. Оваа година планирано е наместо на една локација (парк Капиштец) тој да се реализира на повеќе локации и во повеќе термини (доколку се обезбедат дополнителни средства). Задоволството на родителите и на децата од реализацијата, особено на минатогодишните активности е огромно и очекувањата уште поголеми. Ова е еден од малкуте начини со кои преку интересен и едукативен пристап децата се оттргнуваат од електронските уреди и се едуцираат за вистинските животни вредности во здрава средина. Во рамки на проектот ќе се реализираат ликовни, музички, драмски работилници, и во континуитет ќе се играат маалските игри. Проектот ќе се реализира од почетокот на јуни до 25 август, во две фази:

1. Во текот на првите 10 дена од јуни општинските основни училишта и детските градинки од Општината ќе реализираат свои проекти на јавните површини (детски игралишта) во Општината
2. ОД 15 јуни до 25 август Општината ќе ги реализира предвидените активности, согласно претходно утврдена временска рамка и план на локации.

Очекувани резултати:

- Создавање вистински вредности кај учениците
- Развивање другарство
- Појава на чувство за среќа и радост
- Основни културни навики
- Запознавање на уметноста
- Развивање на вештини
- Зголемување на квалитетот на социјалниот живот на децата

Време на реализација: Јуни – Август 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар со агенција

**Буџет: 600.000 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

7. **Формирање на ученички дебатен клуб**
   Специфична цел 4.2.8

Во согласност со Стратегијата за образование 2015-2020, Општина Центар се залага за унапредување на вештините и на изградбата на капацитетите на своите ученици, како и нивно вклучување во процесите на одлучување. Во таа насока се формира и овој клуб каде што учениците од ученичките заедници од секое училиште еднаш месечно ќе се собираат и ќе дебатираат на теми од разни области (род и родова еднаквост, маргинализирани групи, надминување на насилството меѓу врсниците – bullying и други теми од интерес на учениците). Дебатите ќе ги модерираат компетентни лица од општината, Советот, училиштата, а ќе се реализираат во Канцеларијата за млади на Општина Центар или во салата на Советот на Општина Центар.
Исто така овој дебатен клуб ќе овозможи развивање на критичката мисла кај младите, посебно во делот на образовниот процес во кој се дел и самите. Ваквиот пристап ќе овозможи учениците директно да се вклучени во процесот на одлучување преку свои претставници.

Целни групи:

- Учениците од предметна настава (осмо и деветто одделение) во општинските основни училшта

Очекувани резултати:

- Зголемување на капацитетите за дебата кај учениците
- Подобрување на критичката мисла кај учениците
- Зголемување на капацитетите на учениците за нивно вклучување во процеси на одлучување

Време на реализација: октомври-мај

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар.

**Буџет: 20.000 денари** (освежување) - **– проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

8. **Доделување стипендии на талентираните ученици од општинските основни училишта**
   Специфична цел 4.2.5

На подрачјето на Општина Центар има седум (7) основни училишта со повеќе од 4.500 ученици. Меѓу нив има голем број ученици што се истакнуваат по одредени предмети во областа на науката и техниката, а воедно постигнуваат и врвни резултати на општинските,

регионалните, државните натпревари, а некои и на меѓународните натпревари и олимпијади. Ова се ученици исклучително во општинските основни училишта, кои освен континуиран одличен успех (5.00) имаат постигнато високи резултати на општинските, регионални, државни и меѓународни натпревари (1, 2 и 3 место).
За овие ученици Општина Центар предвидува финансиски средства што ќе им се доделуваат на учениците како на стипендисти, а ги одредува претходно формираната комисија од Градоначалникот. Комисијата ги утврдува критериумите за доделување стипендии, условите и начинот на пријавување на кандидатите. Планирани се 15-20 стипендии, во зависност од бројот на ученици што ги исполнуваат критериумите.
Овие стипендии имаат за цел да ги стимулираат учениците во исполнување на својот капацитет и талент во областа на науката и техниката.

Очекувани резултати:

- Учество на разни натпревари од повеќе области на науката и техниката и претставување на ООУ од општина Центар
- Создавање вистински вредности и навики кај учениците
- Развивање, стимулирање и следење на талентот

Време на реализација Октомври - Мај 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 300.000,00 денари**

9. **Првенци на генерација - Награди за полуматуранти**
   Специфична цел 4.2.5

Имајќи в предвид дека основното образование е темел за понатамошното школување и интелектуален развој, Општина Центар предвидува награди за најдобрите од генерацијата, по еден ученик од секое училиште. Оваа награда е предвидена со цел стимулирање на младите за понатамошен развој и продолжување на образованието, како и постигнување успех на професионален план. Најдобрите ученици полуматуранти што училиштето ги избрало за првенци на генерација, по претходно утврдени критериуми на училиштето, Градоначалникот на свечен прием ги наградува ги мотивира за понатамошен успех.

Очекувани резултати:

- Стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу учениците
- Мотив за учество на разни натпревари
- Создавање вистински вредности кај учениците
- Стомулирање на понатамошен развој во образовниот процес

Време на реализација: Мај 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 120.000 денари**

**10. Обуки за наставниот и за стручниот кадар**

Специфична цел 4.2.1 и 4.2.3

Општина Центар ќе организира обуки и за дополнително градење на капацитетите на наставниците и членовите на стручните служби во училиштата, со цел олеснето надминување на невообичаени ситуации и проблеми со учениците. Исто така општината ќе издвои средства за финансирање на обуки што ги спроведува друг организатор а се во интерес на наставниот и стручниот кадар од нашите основни училишта. Обуките се резултат на утврдената потреба од континуирана надградба и проширување на знаењата на наставниците, надвор од областа во која се професионални. Овие обуки исто така ќе придонесат кон долгорочната цел на општината за инклузивен образовен процес и ќе ги изградат капацитетите на наставниот кадар и стручните служби за искористување на можностите на странските фондови, со цел подобрување на образовниот процес.
Темите на обуките се утврдуваат врз основа на потребите и интересот на наставниците, во координација со нив.
Во обуките ќе бидат вклучени и вработени од Секторот за јавни дејности во зависност од областа на работење, а со цел градење на капацитетите на вработените.

Очекувани резултати:

- Изградени капацитети на наставниците за подготовка на апликации и справување со различни ситуации
- Сензибилизација на наставниците
- Зголемување на капацитетот на наставникот за помош и за поддршка на учениците во специфични состојби
- Континуирана едукација на наставниот и стручниот кадар за современи модели на образование

Време на реализација: Февруари-Декември 2019 година

Реализатор: Одделение за образовние - Општина Центар

**Буџет: 540.000 денари.**

120.000 денари ќе се искористат за организирање и реализација на обуки од страна на општината

420.000 денари ќе се издвојат од буџетот, за секое основно училиште по 60.000 денари за обуки во дрѓавата и странство, кои се од интерес за воспитно образовниот процес. **– проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

11. **Проект „Исправи се!“**
Специфична цел 4.2.4

Во проектот ***„Исправи се!“*** предвидено е навремено и колку што е можно порано откривање на деформитетите, т.е. искривувањата на 'рбетниот столб, како што се: сколиоза, лордоза, кифоза, наедно и неправилно држење на телото, деформитети на долните екстремитети и на стапалата. Во светски рамки сѐ почеста појава е ненавременото препознавање и дијагностицирање на овие деформитети и доколку истите се занемарени, незабележани и игнорирани од најрана возрастистите може драстично да прогресираат и сериозно да го нарушат здравјето на младите. Несоодветниот пристап кон овие деформитети може да доведе до сериозни последици, некои од нив дури се опасни и по животот. Ваквата интервенција односно рано детектирање е со цел превенција на деформитетите кои настануваат во раната возраст, а истите сѐ потешко се коригираат или целосно се отстрануваат во подоцнежната фаза.
Имајќи предвид дека секоја година овој преглед укажува на постоење на деформитети кај повеќе од 30% од првачињата, за нас тој е од огромно значење како превенција од посериозни деформитети.

Целни групи:

- Учениците од прво одделение од сите основни училишта на територијата на Општина Центар-Скопје

Очекувани резултати:

- Навремено откривање на деформитетите кај децата и започнување со нивна корекција
- Превенција на деформитети кај децата во најрана возраст

Време на реализација: Април – Мај 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 110.000,00 денари**

12. **1-ви Септември – Добре дојдовте наши првачиња**
Специфична цел 4.2.13

Овој проект претставува убава можност за запознавање на првачињата со наставниците и со соучениците преку забава и дружење. Наедно тој ден останува и како спомен за убав почеток на нова етапа во образованието на децата. Ваков настан се организира во секое основно училиште на територијата на Општината. Учениците од повисоките одделенија подготвуваат

пригодна претстава за успешен почеток на првачињата, со што на новите ученици им се креира позитивна слика за училиштето и за образовниот процес.
Општината со скромен подарок ќе му посака добре дојде на секое прваче, а Градоначалникот ќе посети две основни училишта заедно со претставници од Советот на Општина Центар.

Очекувани резултати:

- Запознавање со нови другарчиња и наставници
- Создавање чувство за добредојде и припадност во новата средина
- Создавање услови за добра и брза социјализација и интеграција на учениците во новата средина
- Развивање самодоверба и позитивни чувства кон себе и кон другите, како дел од една заедница
- Поттикнување на лична идентификација, препознавање и искажување на различни емоции
- Стекнува основни културни, здравствено-хигиенски и работни навики

Време на реализација: Септември 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 300.000 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

13. **Прослава на Денот на Општина Центар**
    Специфична цел 4.2.13

Прославата на денот на општината се користи со цел одбележување на денот кога општината е формирана. Истата манифестација се користи и за наградување на младите, односно учениците од ООУ во општина Центар. Ова се прави со цел стимулирање на талентираните деца, наставниците и стручните служби. Во рамки на оваа манифестације предвидени се следниве активности:

- Доделување стипендии за талентирани ученици
- Доделување награди и признанија
- Конкурс за најуредена училница – доделување награди за најуредна училница од одделенска настава и најуреден кабинет од предметна настава

Општина Центар, односно Одделението за образование, формира комисии за сите наведени активности и тие ќе ги изберат најдобрите во овие категории, а Општина Центар ќе ги награди. Манифестацијата е подготвена од страна на учениците преку разни изведби на танцови, песни, хорско пеење, итн.

Целни групи:

- Жители на општина Центар
- Ученици и наставници од ООУ во општина Центар

Очекувани резултати:

- Стимулирање на развојот на децата преку добивање награди од разни области

Време на реализација: - 3 Ноември 2019 година

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 100.000 денари**
Награди за најуспешните на конкурсите **– проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

14. **Набавка на литература**
    Специфична цел 4.2.5

Одделението за образование на Општина Центар ќе направи поголема набавка на литература за деца од различни возраст со цел да ги награди учениците кои во текот на учебната година постигнуваат резултати во разни области. Во нашите училишта учат ученици кои се натпреваруваат на меѓународни натпревари во разни области или прават дела достојни за почит, успешни во разни екипни активности. Овие ученици цениме дека треба да бидат пофалени и испочитувани за својот придонес во заедницата.
Очекувани резултати:

- Развивање на натпреварувачкиот и хуманитарниот дух кај учениците.

Време на реализација – во текот на 2019 година
Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 30.000 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

15. **Фонд за екскурзии за ученици од семејства во социјален ризик**
    Специфична цел 4.2.9 и 4.2.10

Во рамките на годишните програми на основните училишта се планирани еднодневни излетии екскурзии за учениците од прво до деветто одделение. Оваа година финансирањето на еднодневните излети и екскурзиите за учениците од семејствата во социјален ризик ќе

бидат покриени од Општина Центар.
На овој начин предвидуваме растоварување на семејниот буџет на родителите како и можност сите деца да се чуствуваат еднакви без разлика на социјалниот статус на родителите. Овие еднодневни излети имаат и едукативен карактер кој се однесува на запознавање со природата и убавините на својата земја.

Очекувани резултати:

- Инклузивност и еднаквост на учениците
- Подобрување на семејниот буџет

Време на реализација: Мај 2019 година

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 250.000,00 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

16. **Доделување награди на најдобрите наставници**
    Специфична цел 4.2.5

Воспитанието и образованието како педагошки процеси меѓусебно се условени и дијалектички поврзани. Условите во кои се врши образованието ја определуваат и неговата цел, што значи: Изградување и развивање врз база и по пат на пренесување и усвојување на научени знаења, интелектуални, работни, технички, производни, хигиенски, културни и други вештини и навики. Без квалитетен наставен кадар нема квалитетно образование. Учителот е огледало, модел на позитивно однесување пред учениците, тој е нивниот пријател, другар и придружник низ детството и младоста. Од тие причини Општина Центар-Скопје сака да ги стимулира и да ги мотивира одделенските и предметните наставници за уште поголема посветеност во работата со деца и за таа цел да го награди најдобриот одделенски и предметен наставник од секое основно училиште што се наоѓа на нејзина територија. Предлогот за награда на наставниците ќе произлезе од секое училиште, со учество во евалуацијата која ќе ја прават учениците за наставниот кадар односно предметниот наставник и плус одделно само од наставниците за одделенскиот наставник.

Целни групи:

- Наставничкиот кадар во основните општински училишта

Очекувани резултати:

- Стимулирање на натпреварувачкиот дух меѓу наставниците
- Мотив за учество на разни натпревари
- Мотивација за поголем ангажман и посветеност во работата

Време на реализација: Мај 2019

Реализатор: Одделение за образование - Општина Центар

**Буџет: 380.000,00 денари**

17. **Следење на санитарно-хигиенската состојба во училишните кујни**
    Специфична цел 4.2.2

Проектот за санитарно-хигиенската состојба успешно се реализира во основните училишта во Општина Центар и истиот финансиски е покриен од Општината.
Во сите седум училишта во Општина Центар постојат кујни со трпезарии во кои се приготвува топол оброк и се служи храна за учениците од прво до петто одделение, како и ужини за поголемите ученици.
Цел на овој проект е да се зголеми контролата врз храната, условите во кои таа се приготвува и врз персоналот што ја подготвува и ја служи. Контролата ја врши специјализирана медицинска установа, а по извршените увиди и земените брисеви таа е обврзана да ја информира Општината за состојбата во училишните кујни, како и да даде упатства за отстранување на евентуалните забелешки и пропусти.
Целни групи:

- Ученици во ООУ

Очекувани резултати:

- Подобрување на квалитетот на храната
- Подобрување на условите за приготвување и за служење храна

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 100.000 денари**

18. **Обезбедување на училишните објекти**
    Специфична цел 4.2.12

Целта на овој проект е да се подобри безбедноста на учениците за време на настават, впрочем што претставува и еден од врвните приоритети на Општина Центар. Со цел надминување на проблемот со безбедноста во ООУ, општина Центар од свои извори на финансирање ќе го реализира обезбедувањето на училишните објекти. Ова значи дека родителите ќе бидат ослободени од дополнителни давачки кои се однесуваат на финансирање на обезбедување во училиштето.
Од друга страна, бидејќи Општината е основач на основните училишта и на децата гледа со

посебно внимание и грижа, и оваа година трошоците за обезбедување на училиштата од агенција за обезбедување ќе биде на товар на Општината.

Целни групи:

- Ученици во ООУ

Очекувани резултати:

- Подобрување на безбедноста на учениците
- Подобрување на климата за работа

Време на реализација – континуирано во текот на учебната година

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 2.100.000,00 денари**

**19. Формирање на општински центар за обуки**
Специфична цел 4.2.1 и 4.2.3

Одделението за образование ќе даде поддршка во формирањето на општински центар за обуки во кој наставниците и стручните тимови од општинските основни училишта и од детските градинки (каде што е возможно) ќе реализираат обуки за своите колеги, односно заедно ќе ги споделуваат своите знаења.

- Ќе се изготви листа на наставници што посетувале меѓународни и национални обуки во одредени области, интересни и значајни за другите, а во исто време кои се подготвени и да им го пренесат своето знаење на колегите. Потоа ќе се изготви распоред на обуки и ќе се достави до сите општински основни училишта и до детските градинки за да се пријават заинтересираните за обуката.
  Обуките ќе се реализираат еднаш месечно на различни теми, во Канцеларијата за млади на Општина Центар.

  Целни групи:

  - Наставници и стручни тимови од општинските основни училишта и од детските градинки

  Очекувани резултати:

  - Изградени капацитети на наставниците и на стручните служби
  - Сензибилизација на наставниците за теми што се од интерес за образовниот и за воспитниот процес

- Подобрување на комуникацијата и на соработката меѓу наставниците од различни училишта

Време на реализација: месечно (октомври, ноември, декември, февруари, март, април, мај) 2019 година

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 50.000 денари**
7 наставници (обучувачи)* 3.000 денари
7 настани (освежување) * 2.000 денари
7 настани (материјали) * 2.000 денари **– проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

**20. Подароци за патроните празници на училиштата**

Специфична цел 4.2.1 и 4.2.3

Со овој проект планираме од една страна да ги одбележиме и испочитуваме патроните празници на училиштата, а од друга страна да помогнеме во набавката на опрема за осовременување на наставата. Опремата ќе се набавува во зависност од потребите на училиштата (смарт-табли, проектори, комјутери, принтери и сл)

Целни групи:

- Наставници и ученици од општинските основни училишта

Очекувани резултати:

- Подобрени и осовременети услови за реализација на воспитно образовниот процес во училиштата

Време на реализација: во текот на 2019 година

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 400.000 денари**
8 училишта * 50.000 денари **– проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

**21. Воведување униформа за учениците (маичка со кратки и маичка со долги ракави)**

Специфична цел 4.2.1

Врз основа на спроведениот анкетен прашалник за интересот на родителите за воведување

униформи за учениците, што се реализираше учебната 2017/2018 година, се утврди ставот на родителите за воведување на униформа за учениците. Најголем е интересот кај родителите на учениците од ООУ Кирил и Методиј и ООУ Гоце Делчев. Овој проект придонесува кон намалување на видливоста на социјалните разлики кај учениците, и заштита на облеката на децата за време на училишните часови.
Униформата ќе се состои од горен дел (маичка со кратки ракави и маичка со долги ракави), а Општината планира да субвенционира по еден комплет за секое дете за почеток во двете пилот училишта, каде има најголем интерес, а потоа и во останатите.
За дизајнот на униформата се распиша конкурс на кој се пријавија ученици од нашите училишта. Секое училиште направи селекција и избраните дизајни и ги достави во Општината, каде што стручна комисија ќе го избере дизајнот на униформата и ќе ја спроведе набавката.
Првата година поектот се планира како пилот во двете училишта.

Очекувани резултати:

- Намалување на видливоста на социјалните разлики во општинските основни училишта
- Поедноставување на облеката на учениците
- Избегнување на оштетување на облеката на учениците

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 2.000.000,00 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

Дополнително на овие планирани проекти и активности, Одделението за образование работи и на осовременување на кабинетите во основните училишта, преку обезбедување на донации. Фокусот е ставен на подобрување на компјутерската опрема, како и на музички инструменти за кабинетите по музичко. Исто така се работи и на обнова на спортските реквизити, што е подетално опишано во Програмата за спорт и рекреација за 2019 година. Одделението за образование во соработка со надлежните сектори ќе реализира и активности за соодветни сообраќајни решенија околу училиштата и градинките, доградби, реконструкции и реновирање на училишта (пред се ООУ Коле Неделковски) како и партерно уредување на училишните дворови.
На почетокот на годината планирана е комуникација и отпочнување на соработка со Амбасадата на Р. Швајцарија заради подобрување на условите во ООУ Ј.Х. Песталоци.
И секако во рамки на подготовките за завршување и пуштање во употреба на основното училиште Капиштец, ќе се изготви план и програма за работа на училиштето, кадровско екипирање, опремување со училишен инвентар и партерно уредување во соработка останатите општински сектори, МОН и други релевантни институции.
По ревизија и донесување на ДУП-от за делот кај училиштето Капиштец, ќе се работи на изградба и адаптација на базенот во рамки на училиштето, и ќе се заложиме истиот да се користи без надомест од сите ученици од училиштата во општина Центар.

## 6. КОФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕКОВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

### 1.Систематски прегледи на наставниците

Специфична цел 4.2.2

Во согласност со член 93 точка 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 24/13), вработените во основните училишта мора да бидат систематски прегледани. Поради недостиг на финансиски средства во училиштата, Општина Центар ќе обезбеди здравствени прегледи за вработените во основните училишта. Целта на систематските прегледи за наставниците е да се утврди евентуална појава на професионална болест, болест во врска со работата или други оштетувања на здравјето што претставуваат пречка во натамошното извршување на работата на наставниот кадар во основните училишта во Општина Центар. За таа цел од Буџетот ќе бидат одвоени финансиски средства и ќе бидат префрлени на сметка на училиштата за спроведување јавна набавка за избор на медицинска установа што врши систематски прегледи.

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 420.000,00 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

### 2.Средства за хигиена

Специфична цел 4.2.2

Години наназад Општина Центар редовно одвојува финансиски средства за набавка на средства за хигиена за училиштата.
Намерата е да се подобри хигиената во училиштата. За таа цел од Буџетот ќе бидат одвоени финансиски средства за средства за хигиена.

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 800.000,00 денари**

### 3. Плаќање сметки за централно греење

Специфична цел 4.2.4 и 4.2.2

Со оглед на фактот дека средствата од блок-дотациите што се трансферираат од Министерството за образование и наука на Република Македонија за плаќање на комуналните трошоци на училиштата не се доволни, Општина Центар ќе врши доисплата на сметките за парно греење. За таа цел на училиштата ќе им бидат префрлени средства со кои тие ќе може да ги намируваат трошоците за греење.

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 800.000,00 денари**

**4.Превоз на лица и на предмети**

Специфична цел 4.2.13 и 4.2.5

Некои од училиштата што располагаат со мали финансиски средства од сопствени приходи не се во можност да вршат исплата на средства кога се ангажира транспорт на децата што треба да учествуваат на натпревари, манифестации и гостувања надвор од градот Скопје. Поради тоа Општина Центар им префрла средства за таа намена, со цел да го стимулира талентот и да ги поттикне децата за постигнување на уште подобри резултати.

Реализатор: Општина Центар

**Буџет: 120.000,00 денари – проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации)**

**5. Трошоци за лични асистенти – „Образование без пречки"**

Специфична цел 4.2.3

Проектот „Образование без пречки" се реализира со соработка на Општина Центар, УНДП и Агенцијата за вработување на Република Македонија во рамките на Програмата на УНДП – Општинско корисна работа.

Проектот што го реализира Општина Центар предвидува давање поддршка на децата со попреченост во образовниот процес. Имајќи предвид дека е сè поголем бројот на ученици со каков било вид попреченост (физичка, психофизичка и психичка), со проектот „Образование без пречки" е предвиден ангажман на 15 лица како лични асистенти, кои ќе бидат со таргетираните учениците цела работна недела по 4 часа во текот на денот. Проектот ќе се реализира во текот на учебната година, односно осум месеци, заклучно со 10 јуни 2019 година.

Личните асистенти се обврзани да ги реализираат следниве активности:

- Помош при движење низ училишните простории (училници, кабинети, фискултурна сала, кујна, тоалет)
- Помош при користење дидактички материјал во текот на наставата
- Помош при извршување на училишните обврски на ученикот
- Олеснување на комуникацијата со наставниците и со соучениците

Крајни корисници на овој проект се 15 ученици со попреченост во основните училишта на територијата на Општина Центар, а за кои постои наод и мислење за видот и степенот на попреченост и чии родители дале согласност за вклучување на нивните деца во проектот.

Реализатор: Општина Центар, УНДП и АВРМ

**Буџет: 0 денари**

15 лични асистенти * 8 месеци * 1.500 денари

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Мотивирани ученици и наставници
2. Подобрен квалитет на наставата
3. Инклузија на сите ученици
4. Подобрени услови за работа
5. Здрави и добро воспитани и образувани ученици
6. Еднакви можности за сите социјални категории
7. Безбедна средина за учење и дружење

## 8. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **14.270.000,00** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар за 2019 година.

Определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2019 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар.

| Ред бр. | Проект | Планирано | Реализирано | Вкупно за 2019 година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Проект за ангажирање дефектолози во основните училишта | 0 денари | | |
| 2 | И ние децата сме учесници во сообраќајот -сообраќајно описменување – воннаставна активност | 0 денари | | |
| 3 | Обезбедување средства за воведување наставник по физичко воспитување за ученици од одделенска настава | 660.000 денари | | |
| 4 | Вклучување на родителите и на учениците во креирањето на училишните планови (курикулуми на слободни активности, активности за | 0 денари | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подобрување на воспитно-образовниот процес) | | | |
| 5 | Доделување стипендии на социјално загрозените ученици од општинските основни училишта | 305.000 денари | | |
| 6 | На одмор сум, во Скопје сум – Општина Центар мисли на мене | 0 денари | | |
| 7 | Формирање на ученички дебатен клуб | 0 денари | | |
| 8 | Доделување стипендии на талентираните ученици од општинските основни училишта | 300.000 денари | | |
| 9 | Првенци на генерација - Награди за полуматуранти | 120.000 денари | | |
| 10 | Обуки за наставниот и за стручниот кадар | 0 денари | | |
| 11 | Проект „Исправи се!“ | 110.000 денари | | |
| 12 | 1-ви Септември – Добре дојдовте наши првачиња | 0 денари | | |
| 13 | Прослава на Денот на Општина Центар | 0 денари | | |
| 14 | Набавка на литература | 0 денари | | |
| 15 | Фонд за екскурзии за учениците од семејства во социјален ризик | 0 денари | | |
| 16 | Доделување награди на најдобрите наставници | 380.000 денари | | |
| 17 | Следење на санитарно - хигиенската состојба во училишните кујни | 100.000 денари | | |
| 18 | Обезбедување на училишните објекти | 2.100.000 денари | | |
| 19 | Формирање на општински центар за обуки | 0 денари | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20 | Подароци за патронат | 0 денари | | |
| 21 | Воведување униформа за учениците (маичка со кратки и маичка со долги ракави) | 0 денари | | |
| 1 | Систематски прегледи на наставниците | 0 денари | | |
| 2 | Средства за хигиена во училиштата | 800.000 денари | | |
| 3 | Плаќање сметки за централно греење | 800.000 денари | | |
| 4 | Превоз на лица и на предмети | 0 денати | | |
| 5 | Трошоци за лични асистенти „Образование без пречки" | 0 денари | | |
| ВКУПНО: | | **5.675.000** | | |

## 9. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила осум (8) дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува од 1.1.2019 година.

Бр.- ___________

______2018 година

Совет на Општина Центар-Скопје
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Јана Белчева Андреевска

**Образложение**

Со програмата еднакво се опфатени сите целни групи за кои има надлежност Одделението за образование преку Општината. Во неа се опфатени разновидни активности што се креирани во соработка со граѓаните и граѓанските организации, како и родителите, учениците и наставниците, а во интерес на учениците и на наставниците од седумте општински основни училишта за кои е надлежна Општината.

Очекуваме активностите од оваа програма да резултираат со создавање на поквалитетни услови за учење, раст и развој на сите ученици од Општина Центар.

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје предлага Предлог-програмата за образование за 2018 година да биде разгледана и во целост усвоена.

**Општина Центар- Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**